АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 12.06.2018 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2866 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Вонреден, по претставка (иницијатива на физичко лице);

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ;

3. **Период опфатен со надзорот:** 5 јуни 2018 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 12 јуни 2018 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (недозволено спонзорство);

   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15)

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

   Со вонредниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитуван на 5 јуни 2018 година, на локално ниво, **констатирано е прекршување на членот 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (не е дозволено спонзорство на верски програми).

   На 5 јуни 2018 година, на програмскиот сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитувана е емисијата „Рамазански насихати", по жанр – верска проповед, на чија одјавна шпица се наведени спонзори, односно (цитат) - „*помагатели на проектот*", што е спротивно на членот 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членот 4, став 1 алинеја 3 од Правилникот за спонзорство.

**5 јуни 2018 година**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „Рамазански насихати“ | 19:52:44 | 20:17:15 |
| **Опис:** | | |
| Емисијата „Рамазански насихати“ претставува верска проповед, што како ТВ-жанр – и по Законот и по Правилникот за спонзорство - не смее да се спонзорира, а на одјавната шпица на емисијата се наведени (цитат) – „*помагатели на проектот*“. | | |

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на програмскиот сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, на 5 јуни 2018 година, емитувана е спонзорирана верска проповед под наслов „Рамазански насихати“.

**9. Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА Општина Лабуништа ДООЕЛ, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***